# ИЛИНДЕН

ВЕСНИК НА МАКЕДОНСКО ДРУШТВО „ИЛИНДЕН“ - ТИРАНА




Јас го разбирам светот единствено како поле за културен натпревар меѓу народите - ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ


ГОДИНА XIII БРОЈ 65 ТИРАНА - АЛБАНИЈА www.vesnik-ilinden.com ISSN 2522-4514 ДЕКЕМВРИ 2024 ГОДИНА


Во овој број


**Страница 2**

ЧЕСТИТКИ ОД МАКЕДОНСКО ДРУШТВО "ИЛИНДЕН" ЗА 28 – 29 НОЕМВРИ ПО ПОВОД ДЕНОТ НА НЕЗАВИСНОСТА НА РЕПУБЛИКА АЛБАНИЈА И ДЕНОТ НА ОСЛОБОДУВАЊЕТО ОД НАЦИ-ФАШИСТИЧКАТА ОКУПАЦИЈА

ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА МАКЕДОНСКО ДРУШТВО "ИЛИНДЕН"-ТИРАНА, ЃУРЃАЈ ОСВАРИ СРЕДБА СО МИЦЕВСКИ, ПРАТЕНИК И КОРДИНАТОР НА ПРАТЕНИЧКА ГРУПА НА ВМРО-ДПМНЕ И КОАЛИЦИЈАТА „ТВОЈА МАКЕДОНИЈА“

**Страница 3**

МАКЕДОНСКО ДРУШТВО "ИЛИНДЕН"-ТИРАНА ВО СКОПЈЕ ПОТПИША МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА СО ДРЖАВНИОТ АРХИВ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА МАКЕДОНСКО ДРУШТВО "ИЛИНДЕН"-ТИРАНА, ЃУРЃАЈ ОСТВАРИ СРЕДБА СО ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОПШТИНА ШТИП, ЈОРДАНОВ

ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА МАКЕДОНСКО ДРУШТВО "ИЛИНДЕН"-ТИРАНА, НИКОЛА ЃУРЃАЈ ОСТВАРИ РАБОТНА СРЕДБА СО ДИРЕКТОРКАТА НА КОВЗРГ, ОЛИВЕРА ТРАЈКОВСКА

**Страница 4**

ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА МАКЕДОНСКО ДРУШТВО "ИЛИНДЕН"-ТИРАНА, НИКОЛА ЃУРЃАЈ ОСТВАРИ СРЕДБА СО БИЛЈАНА СТЕФАНОСКА, ДИРЕКТОРКА НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ПРОМОЦИЈА И ПОДДРШКА НА ТУРИЗМОТ НА МАКЕДОНИЈА

БЛАГОДАРНИЦА ЗА НИКОЛА ЃУРЃАЈ ОД ЗДРУЖЕНИЕТО НА МАКЕДОНЦИТЕ "ДАМЕ ГРУЕВ" ВО МОРАВИЧКИОТ ОКРУГ ВО СРБИЈА

**Страница 5**

РЕЗОЛУЦИЈАТА УСВОЕНА ОД ФУЕН, ДОСТАВЕНА ДО АЛБАНСКИТЕ И МЕЃУНАРОДНИТЕ ИНСТИТУЦИИ

ИЗБОРНИОТ МАТЕРИЈАЛ ЗА ПАРЛАМЕНТАРНИТЕ ИЗБОРИ ВО АЛБАНИЈА ЌЕ БИДЕ И НА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК

**Страница 6**

ОПШТИНА ПУСТЕЦ УЧЕСТВУВАШЕ НА 39. МЕЃУНАРОДЕН САЕМ ЗА ТУРИЗАМ „ФИЛОКСЕНИЈА“ ВО СОЛУН

СОЧУВСТВО ОД Г.Г.АНАСТАС, АРХИЕПИСКОП НА ТИРАНА, ДРАЧ И ЦЕЛА АЛБАНИЈА ЗА УПОКОЈУВАЊЕТО НА ВИСОКОПРЕОСВЕШТЕНИОТ МИТРОПОЛИТ ТИМОТЕЈ

МАКЕДОНЦИТЕ ОД МАЛО ОСТРЕНИ (МАЛЕСТРЕНИ) ОБЛАСТА ГОЛО БРДО БАРААТ ДА СЕ АСФАЛТИРА ПАТОТ

**Страница 7**

НАСТАП НА МАКЕДОНСКА ФОЛКЛОРНА ГРУПА "ПРЕСПА" ОД ОПШТИНА ПУСТЕЦ ВО ФОЛКЛОРНИОТ ФЕСТИВАЛ ВО КОРЧА

ЕДИНСТВЕНА ГОРАНСКА ПАРТИЈА ЌЕ УЧЕСТВУВА НА ПАРЛАМЕНТАРНИ ИЗБОРИ ВО КОСОВО НА 14 ФЕВРУАРИ

ПРОДОЛЖУВА ГРАДЕЊЕТО НА КОРИДОРОТ VIII ЕЛБАСАН-ЌАФАСАН ШТО ПОВРЗУВА АЛБАНИЈА И МАКЕДОНИЈА

**Страница 8**

АЕРОДРОМОТ ВО ТИРАНА ЗА ЕДИНАЕСЕТ МЕСЕЦИ ГО КОРИСТЕЛЕ НАД 100 ИЛЈАДИ МАКЕДОНСКИ ДРЖАВЈАНИ

ПО БАРАЊЕТО НА МАКЕДОНСКО ДРУШТВО "ИЛИНДЕН"-ТИРАНА ПОЧНА РЕКОСТРУКЦИЈА И РЕСТАВРАЦИЈА НА ЦРКВИТЕ ВО ЕРБЕЛЕ И ГОРНО КРЧИШТА

**Страница 10**

СВЕЧЕНО ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА 15-ГОДИШНИОТ ЈУБИЛЕЈ НА ШКОЛАТА ЗА МЛАДИ ЛИДЕРИ НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ ЃОРГЕ ИВАНОВ


Во името на Македонско друштво "Илинден"-Тирана и во мое име, ви ги честитам Божик и Новата година 2025, со желба за многу лични успеси и бериќетна година!

Со почит г-дин Никола Ѓурѓај, претседател на Македонско друштво "Илинден"-Тирана




Në emër të shoqatës maqedonase "Ilinden"-Tiranë dhe në emrin tim, ju uroj Gëzuar Krishtlindjet dhe Vitit të Ri 2025, me urimin për shumë suksese personale dhe një vit të begatë!

Me respekt z. Nikola Gjurgjaj, kryetar i shoqatës maqedonase "Ilinden"-Tiranë

## ЧЕСТИТКИ ОД МАКЕДОНСКО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН“ ЗА 28 – 29 НОЕМВРИ ПО ПОВОД ДЕНОТ НА НЕЗАВИСНОСТА НА РЕПУБЛИКА АЛБАНИЈА И ДЕНОТ НА ОСЛОБОДУВАЊЕТО ОД НАЦИ-ФАШИСТИЧКАТА ОКУПАЦИЈА



Честитки по повод 28 ноември денот на независноста на Република Албанија упати Македонското друштво “Илинден”-Тирана, кое ги честиташе 28 ноември Денот на независноста на Република Албанија и 29 ноември 1944 – денот на ослободување од наци-фашистичката окупација. Честити празници.

## ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА МАКЕДОНСКО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН”-ТИРАНА, ЃУРЃАЈ ОСВАРИ СРЕДБА СО МИЦЕВСКИ, ПРАТЕНИК И КОРДИНАТОР НА ПРАТЕНИЧКА ГРУПА НА ВМРО-ДПМНЕ И КОАЛИЦИЈАТА „ТВОЈА МАКЕДОНИЈА“



Претседателот на Македонското друштво “Илинден”-Тирана, продолжува со средби во татковината Република Македонија, на кои подетално ги информира соговорниците со положбата на Македонците во Република Албанија, како и со активностите на Друштвото во процесите за подобрување на положбата на македонското малцинство во Република Албанија.

На средбата со Никола Мицевски, пратеник во Собранието на Македонија и Кординатор на пратеничка група на ВМРО-ДПМНЕ и коалицијата „Твоја Македонија“ детално беше информиран за напорите на нашето Друштво во реализација на својата мисија, а тоа е заложбата за остварување на легитимните права на Македонците во Албанија. Од страна на претедателот на Друштвото беше изразена благодарност за досегашната соработка и поддршката на активностите на Друштвото. Притоа, Мицевски беше запознат со активностите на Македонското друштво Илинден - Тирана во меѓународната организација на националните малцинства во Европа, за која цел му беа подарени и примероци од Резолуциите поднесени од Друштвото, а кои беа усвоени од ФУЕН. Во оваа пригода на г-динот Мицевски му беа донирани примероци од најновите изданија на весникот „Илинден“, како и примероци од Албумот со народни носии на Македонците од сите делови на Албанија.


ИЛИНДЕН

По повод оваа средба Мицевски, во својата објава вети поддршка во рамки на можностите и како Партија и како коалиција, за идните планирани активности на Друштвото. Во неговата изјава, Мицевски акцентира дека „ВМРО-ДПМНЕ и ние како пратеничка група на ВМРО-ДПМНЕ и Коалицијата даваме силна поддршка и ќе сториме сè што е во рамки на нашите можности да помогнеме за афирмација и зачувување на македонскиот етнички, јазичен, културен, верски и историски идентитет на Македонците од Голо Брдо, Гора, Мала Преспа, Корча, Тирана и секаде каде што каде што има македонско население во Република Албанија“.

## МАКЕДОНСКО ДРУШТВО "ИЛИНДЕН"-ТИРАНА ВО СКОПЈЕ ПОТПИША МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА СО ДРЖАВНИОТ АРХИВ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА



Македонско друштво "Илинден"-Тирана од Република Албанија потпишаа Меморандум за соработка со Државниот архив на Република Македонија.

Со овој значаен чин документарното наследство на нас Македонците од Албанија станува предмет на соработка со Државниот архив на Република Македонија. Институционалната поддршка на Државниот архив кон нашето Друштвото ја официјализиравме на 7 декември 2024 година, за што изразуваме голема благодарност, рече за Македонски весник "Илинден", Никола Ѓурѓај претседател на друштвото. Објава има и Државниот архив во која се наведува дека Марјан Гијовски, Тулај Адеми и Биљана Крстевска, како претставници на институцијата, во рамки на средбата со овластување на директорот на Државниот архив, проф. д-р Наташа Котлар-Трајкова, бише потпишан Меморандум за соработка, со кој се дава правец на соработката меѓу двете страни.

Прибирање архивски материјали од оставината на видни претставници на македонското малцинство од Албанија, издавање заеднички публикации и истражувачки потфати се дел од активностите кои треба да почнат на почетокот на идната година. Државниот архив настојува да формира архивски фондови со документи од историјата на македонските организации кои дејствуваат во соседните земји, стои во објавата. Се додава дека Меморандумот за соработка е прв ваков документ потпишан на друштвото "Илинден" со една државна институција во македонската држава.

## ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА МАКЕДОНСКО ДРУШТВО "ИЛИНДЕН"-ТИРАНА, ЃУРЃАЈ ОСТВАРИ СРЕДБА СО ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОПШТИНА ШТИП, ЈОРДАНОВ



Претседателот на македонско друштво "Илинден"-Тирана, Никола Ѓурѓај на 04. 12. 2024 година во Општина Штип оствари средба со градоначалникот Општина Штип, Иван Јорданов. На работната средба претседателот на Македонско друштво "Илинден"-Тирана, го информираше градоначалникот Иван Јорданов за најновите настани поврзани со актуелната положба на македонско национално малцинство во Република Албанија, при што беа актуелизирани прашања кои се однесуваат на проблемите на македонско национално малцинство во Република Албанија.

На состанокот се отворија повеќе теми, пред сè за делувањето на Друштвото кое повеќе од една декада работи на унапредување на правата и можностите на Македонско национално малцинство во Република Албанија, но и за перспективите за заедничка соработка меѓу Македонско друштво "Илинден"-Тирана и Општина Штип.

Низ дискусијата, градоначалникот Иван Јорданов покажа исклучителен интерес за положбата на македонско национално малцинство во Република Албанија. Секако, како градоначалник на Општина Штип искажа подготвеност, во рамките на неговите ингеренции, за помош за подобрување и унапредување на малциските права на македонско национално малцинство во Република Албанија.

## ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА МАКЕДОНСКО ДРУШТВО "ИЛИНДЕН"-ТИРАНА, НИКОЛА ЃУРЃАЈ ОСТВАРИ РАБОТНА СРЕДБА СО ДИРЕКТОРКАТА НА КОВЗРГ, ОЛИВЕРА ТРАЈКОВСКА

Претседателот на Македонско друштво "Илинден"-Тирана, Никола Ѓурѓај во Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи оствари работна средба со, директорката Оливера Трајковска. На работната средба претседателот на Македонско друштво "Илинден"-Тирана, ја информираше директорката на КОВЗРГ, Оливера Трајковска за најновите настани поврзани со актуелната положба



на Македонците во Република Албанија, при што беа актуелизирани прашања кои се однесуваат на проблемите во однос на верските прашања на македонско национално малцинство во Република Албанија, како и за активностите на Македонско друштво ”Илинден”- Тирана на тој план. Директорката Трајковска изрази подготвеност за идна соработка со Друштвото во интерес на подобрување на верските прашања и потреби на македонската заедница во Албанија.

## ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА МАКЕДОНСКО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН”-ТИРАНА, НИКОЛА ЃУРЃАЈ ОСТВАРИ СРЕДБА СО БИЛЈАНА СТЕФАНОСКА, ДИРЕКТОРКА НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ПРОМОЦИЈА И ПОДДРШКА НА ТУРИЗМОТ НА МАКЕДОНИЈА

Претседателот на Македонско друштво ”Илинден”-Тирана, Никола Ѓурѓај, во текот на својот плодотворен престој во Република Македонија, покрај другите, оствари и средба со Билјана Стефаноска, првата дама во Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот на Македонија.



На работната средба претседателот на Македонско друштво ”Илинден”-Тирана, ја информираше директорката Билјана Стефаноска, за најновите настани поврзани со актуелната положба на Македонците во Република Албанија, при што беа актуелизирани прашања кои се однесуваат на можностите за развој на туризмот во Албанија во местата населени со етничко македонско население, со што би се помогнало во економскиот развој на овие предели.

Низ дискусијата, директорка Билјана Стефаноска, покажа исклучителен интерес за положбата на Македонците во Република Албанија, како и за можноста да се помогне во промоција на историските и културните знаменитости во Албанија, населени со македонско население. На средбата, многу отворено, се разговараше за можни активности кои би помогнала за надминување на проблемите на Македонците во Република Албанија на повеќе полиња.

## БЛАГОДАРНИЦА ЗА НИКОЛА ЃУРЃАЈ ОД ЗДРУЖЕНИЕТО НА МАКЕДОНЦИТЕ “ДАМЕ ГРУЕВ” ВО МОРАВИЧКИОТ ОКРУГ ВО СРБИЈА




По повод одбележувањето на 15- годишнината од формирањето, Здружението на Македонците “Даме Груев” во Моравичкиот Округ во Србија, му додели Благодарница на Никола Ѓурѓај, претседател на Македонското друштво “Илинден”- Тирана и главен и одговорен уредник на весникот „Илинден“.

Благодарницата ми се доделува за долгогодишната соработка, помош и поддршка на Друштвото за промовирање на Македонците од Србија во Македонскиот весник „Илинден”-Тирана. Голема благодарност до Управата на Здружението на Македонците “Даме Груев” и посебно до Славе Груевски, претседателот на здружението, изрази претседателот на Друштвото, Ѓурѓај. Во таа пригода, додаде дека на Здружението „Даме Груев“, од лично и од име на Македонците во Албанија, му посакува понатамошни успеси во работата и промоцијата на нашинците во Република Србија.

На одбележувањето, претседателот на „Даме Груев“, г-дин Груевски поднесе извештај за активностите на Здружението, оценувајќи меѓу другото дека тоа е само уште еден бисер во ѓерданот наречен Македонска заедница во Србија,чувар на традициите сред македонско национално малцинство, но и македонските исленици во странство.

Во своето обраќање, г-дин Груевски подвлече дека „новната мисија за формирање на нашето здружение беше и останува, дружење на граѓаните од македонско потекло кои се во Моравичкиот округ, негување на традициите и обичаите, негување на јазикот и фолклорот, и зачувување на културните вредности на Македонија, посебно на писмото и јазикот“. Истовремено, ја оценил добрата соработка на Здружението со “локалната самоуправа од Горњи Милановац и со збратимените градови од Македонија, на најдобар начин ги потврдила добрите односи помеѓу Македонија и Србија”.

## РЕЗОЛУЦИЈАТА УСВОЕНА ОД ФУЕН, ДОСТАВЕНА ДО АЛБАНСКИТЕ И МЕЃУНАРОДНИТЕ ИНСТИТУЦИИ



Резолуцијата усвоена од Федералната унија на европските националности, поднесена од Македонско друштво "Илинден"-Тирана, доставена е до сите албански и меѓународни институции, а заради запознавање и до македонските.

Ова го потврди Никола Ѓурѓај, претседател на Друштвото, додавајќи дека очекува албанските институции да преземат соодветни активности, а посебно внимание да посветат и меѓународните институции.

Со Резолуција, од име на Македонско друштвото "Илинден" и македонско национално малцинство во Република Албанија, меѓу другото, се бара од Владата на оваа земја, досегашното тело Комитетот за национални малцинства од консултативно тело на Владата да прерасне во Агенција за национални малцинства со посериозни и обврзувачки ингеренции за афирмација на националните малцинства во Република Албанија, рече Ѓурѓај.

Потсетува дека Комитетот за националните малцинства е формиран во 2004 година од страна на албанската Влада со задача да ја подобри заштитата на малцинствата во земјата, но додава, како што е утврдено во многу извештаи на меѓународни институции кои се занимаваат со правата на малцинствата, дека оваа институција е „подложна на политичко влијание, што резултира со негова целосна контрола од извршната власт и нејзина трансформација од тело за заштита на малцинствата, во тело штетно за дијалогот меѓу Владата и малцинствата".

Затоа, сметаме дека Комитетот за националните малцинства треба да биде независен и активен глас на малцинствата, со способност да учествува во дијалог со Владата за заштита и подобрување на правата на малцинствата во Република Албанија, а неговата работа да биде јавна и присутна во медиумите во државата, нагласи Ѓурѓај.
Резолуцијата едногласно беше усвоена на 68-от Конгрес што се одржа во Хусум, Германија, кон крајот на минатиот месец, на кој учествува претставници од 105 организации-членки од 36 земји во Европа.

## ИЗБОРНИОТ МАТЕРИЈАЛ ЗА ПАРЛАМЕНТАРНИТЕ ИЗБОРИ ВО АЛБАНИЈА ЌЕ БИДЕ И НА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК




Изборниот материјал за парламентарните избори во Албанија, што ќе се одржат на пролет следната година, ќе биде и на македонски јазик, како и на јазиците на останатите малцинства, признати со Законот за малцинства во Република Албанија, донесен во 2017 година.

Ова го соопшти претседателот на Централната изборна комисија, ЦИК, Илиријан Целибаши, на средба со претставниците на националните малцинства, поточно членовите на Комитетот за малцинства, каде претставник на македонското малцинство е Марјана Костофски.

„Во фокусот на средбата беше досега сработеното во однос на информирањето на националните малцинства на нивниот јазик за изборниот процес, како и тоа што треба понатаму да се направи, со цел подобрување на информираноста и нивна едукација за претстојните избори. Го истакнав правото на секој да добива информации за изборите и пред сè преку сите средства за информирање" - објави Целибаши.

Воедно Целибаши ја изразил целосната подготвеност на ЦИК да го направи она што е најдобро за прашањата за кои има интерес секое национално малцинство. „На оваа средба со националните малцинства истакнав дека изборните материјали ќе бидат преведени на мајчин јазик, за 9-те национални малцинства кои се законски признати во Албанија", во своја објава напишал Целибаши.

Парламентарните избори во Република Албанија, 11-ти по ред, по падот на тоталитарниот режим ќе се одржат на пролет во 2025 година, за што датумот треба да го одреди претседателот на државата, Бајрам Бегај. Тој ги почнла средбите со политичките партии, а според изборниот законик треба да се одреди во периодот датум од последната недела на април или првата недела од мај месец.

## ОПШТИНА ПУСТЕЦ УЧЕСТВУВАШЕ НА 39. МЕЃУНАРОДЕН САЕМ ЗА ТУРИЗАМ „ФИЛОКСЕНИЈА" ВО СОЛУН




Општина Пустец учествуваше на 39. Меѓународен саем за туризам „Филоксенија" во Солун, каде ги презентираше убавините со кои располага Мала Преспа.

„Ова е наше второ учество на оваа значајна манифестација, на која нашиот штанд побудува се поголем интерес а со тоа и посетеноста на странските туристи кај нас е се поголем. Ги презентираме туристичките пакети, промовирајќи ги дестинациите од општината кои се многубројни" - рече Пали Колефски, градоначалник на Општина Пустец. Познато е, додал тој, дека нашата Општина има голем број туристички атракции кои треба секој да ги посети.

„Природата ни дарила многу богатства и убавини кои ги надополнуваат културно- историските споменици и божји храмови, што ни ги оставиле во наследство вредните раце на мајсторите. Кој ја посетил оваа област посакал повторно да дојде. Порачувам дека добредојдени се сите" - посочува Колефски.

## СОЧУВСТВО ОД Г.Г.АНАСТАС, АРХИЕПИСКОП НА ТИРАНА, ДРАЧ И ЦЕЛА АЛБАНИЈА ЗА УПОКОЈУВАЊЕТО НА ВИСОКОПРЕОСВЕШТЕНИОТ МИТРОПОЛИТ ТИМОТЕЈ

Неговото Блаженство Архиепископ на Тирана, Драч и цела Албанија г.г. Анастас испрати писмо со сочувство за упокојувањето на Високопреосвештениот Митрополит Тимотеј до Неговото Блаженство Архиепископот Охридски и Македонски г.г. Стефан. Во продолжение ова писмо го пренесуваме во целост.



До
Блаженејшиот Архиепископ Охридски и Македонски
Господин Стефан

Блаженејши брате,

Со длабока тага ја примивме веста за преминувањето кон Господа на нашиот сакан брат, Неговото Високопреосвештенство Митрополитот Дебарско-кичевски, господин Тимотеј, кој со љубов, мудрост и смирение му служеше на народот што му беше доверен од Господа. Изразувајќи го нашето топло сочувство, молиме Господ Исус Христос, Воскреснатиот од мртвите, да ја успокои неговата душа „на место светло, на место блажено, на место мирно."

Секогаш со братска љубов во Него,

† Анастас
Архиепископ на Тирана, Драч и цела Албанија

## МАКЕДОНЦИТЕ ОД МАЛО ОСТРЕНИ (МАЛЕСТРЕНИ) ОБЛАСТА ГОЛО БРДО БАРААТ ДА СЕ АСФАЛТИРА ПАТОТ

Жителите на селото Мало Острени (Малестрени) областа Голо Брдо известуваат дека работите за асфалтирање на патот не течат според ветувањата и очекувањата. Граѓанин ни пиша дека пред три дена биле поставени две бетонски цевки за изградба на патот, додека трета била скршена штом поминала првата кола.

Состојбата го остави патот се уште незавршен, што предизвика загриженост за движењето на жителите. Ваква состојба се јавува во многу села и градови во земјава и состојбата многу се влошува во текот на зимската сезона.

Целосната порака на жител

„Здраво. Наводно ќе го асфалтираат патот во селото Мало Острени (Малестрени) областа Голо Брдо, ама веќе една недела ставија две бетонски цевки, третата пукна штом помина првата кола. Колку беа ставени пред три дена“



## НАСТАП НА МАКЕДОНСКА ФОЛКЛОРНА ГРУПА “ПРЕСПА” ОД ОПШТИНА ПУСТЕЦ ВО ФОЛКЛОРНИОТ ФЕСТИВАЛ ВО КОРЧА





Настап на фолклорната група “Преспа” од Општина Пустец на фолклорниот фестивал во Корча, Албанија организиран од Округот на Корча. На фестивалот настапија фолкорни групи на општините што го сочинуваат Округот на Корча.

## ЕДИНСТВЕНА ГОРАНСКА ПАРТИЈА ЌЕ УЧЕСТВУВА НА ПАРЛАМЕНТАРНИ ИЗБОРИ ВО КОСОВО НА 14 ФЕВРУАРИ

JGP
JEDINSTVENA GORANSKA PARTIJA
PARTIA UNIKE GORANE
UNIQUE GORANI PARTY

Централната изборна комисија соопшти дека се пријавени 28 политички субјекти за претстојните парламентарни избори што се очекува да се одржат на 9 февруари во Косово. Од нив, 20 политички партии, 5 коалиции, 2 граѓански иницијативи и 1 независен кандидат. На овје избори ќе се бори и Партијата “Единствена горанска партија” претседател е Адем Хоџа, дипломиран инженер. Ваквата иформација за Македонски весник “Илинден” ја потврдуват високи извори од Партијата “Единствена горанска партија”. Во областа Гора распослани се 9 села, населени со Македонци со муслиманска вероисповед познати под името Горанци, кои говорат македонски јазик.

## ПРОДОЛЖУВА ГРАДЕЊЕТО НА КОРИДОРОТ VIII ЕЛБАСАН-ЌАФАСАН ШТО ПОВРЗУВА АЛБАНИЈА И МАКЕДОНИЈА



Албанија и Македонија ќе бидат поврзани со изградбата на коридорот 8, чии работи продолжуваат од двете страни истовремено, објави албанската министерка за инфраструктура и енергетика, Белинда Балуку.

Додека ние градиме во правец на Македонија, Македонија гради во правец на Албанија, за да се спојат. По увидот на работите што се изведуваат од третата фаза од целосната реконструкција и проширување на патниот правец Елбасан – Граничен премин Ќафасан, таа наведува дека проектот предвидува изградба и на два моста долги 200 метри кои ќе бидат поврзани со тунел. Изразувајќи задоволство од динамката на изведување на работите потсетува дека патот Елбасан-Ќафасан е од категоријата Б, со четири ленти, по две од секоја страна, со разделници и сите параметри на патот, и со минимална брзина на движење од 110 километри на час.

Ако до сега за минување на патот од Ќафасан до Елбасан (50 км) беа потребни 1 час и 30 минути, оваа оддалеченост ќе се минува за само 35 минути. Проектот почна да се реализира во декември 2022 година, а во јуни годинава дел од овој патен правец, на кој е поставена и потребната патна сигнализација, беше пуштен во употреба за сообраќај.

ВЕСНИК ИЛИНДЕН

## АЕРОДРОМОТ ВО ТИРАНА ЗА ЕДИНАЕСЕТ МЕСЕЦИ ГО КОРИСТЕЛЕ НАД 100 ИЛЈАДИ МАКЕДОНСКИ ДРЖАВЈАНИ



Се поголем број македонски државјани ги користат услугите на меѓународниот аеродром во Тирана, од каде моментно може да се патува на 129 директни дестинации. Тоа го потврдува и бројката од над 100 илјади македонски државјани кои пристигнале или отпатувале кон некоја од многубројните дестинации.

Овој аеродром претставува единствениот меѓународен аеродром во регионот, со широка покриеност и многу пристапни цени. Него се повеќе го користат и граѓани од Црна Гора и Косово. Во периодот јануари – ноември регистрирани се 800 илјади косовски и 200 илјади црногорски државјани, наведуваат медиумите.

Додаваат дека на 9 овој месец, слетал десет милионитиот патник за оваа година, што „до пред шест години не можеше ни да се замисли“. Под раководство на „Кастрати Груп“ единствениот акционер на Меѓународниот аеродром во Тирана и во соработка со Управата за цивилно воздухопловство, интензивно се работи за да се одговори на растечките барања на патниците и во исто време постојано да се зголемува опсегот на дестинации, информираат аеродромските власти. Од таму најавуваат дека по нова година се очекува да биде воспоставена директна авионска линија Тирана-Њујорк.

## ПО БАРАЊЕТО НА МАКЕДОНСКО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН“-ТИРАНА ПОЧНА РЕКОСТРУКЦИЈА И РЕСТАВРАЦИЈА НА ЦРКВИТЕ ВО ЕРБЕЛЕ И ГОРНО КРЧИШТА



Албанскиот национален институт за културно наследство на Албанија, објави дека почнала реконструкција, реставрација и расчистување на просторот кај неколку верски објекти, меѓу кои и црквите „Свето Преображение“ во село Ербеле и „Свети Спас“ во село Горно Крчишта, населени со Македонци.

Во округот Пешкопеа (Долни Дебар) во тек е реализација на реставраторски проекти на објекти од особено значење за зачувување и промоција на нашето културно наследство. Го заштитуваме културното наследство, ја зголемуваме туристичката привлечност и придонесуваме за одржлив развој на регионот, стои во објавата на Институтот.

Црквата „Свето Преображение“, која датира од 12 век е во селото Ербеле, област Поле или Долни Дебар, кое се наоѓа во близина на македонската граница кај Дебар. Од 1970 година е прогласена за споменик на културата.

Некогаш во селото имало многу македонски семејства, но се иселиле, па денес, се само две кои постојано живеат тука и се грижат за црквата. По традиција Македонците по потекло од Ербеле а кои денес живеат во Тирана, Драч, Елбасан, Маќелара, Тетово, Скопје и други градови, како и оние малкуте од неколку села во областа, одржуваат средба по повод големиот христијански празник, Преображение, што е патрон на селската црква.


Drejtuar:
Ministre e Kulturës

Për dijeni:
Drejtore e Institutit të Monumenteve të Kulturës (IMK)

Црквата „Свети Спас“ во селото Горно Крчишта е изградена во 1232 година и е споменик на културата, која за време на режимот на Енвер Хоџа била претворена во магацин. На 13 јуни 2009 година беше преосветена а одредени неопходни градежни активности се реализирани со помош на Македонци, поранешни жители на Крчишта, од фамилијата Радевски и Дуковски.

Поранешните жители и нивните потомци одржуваат традиционална средба по повод празник Вознесение Христово-Спасовден, патрон на црквата, на која богослужба години на ред одржува Ристо Камбуроски свештеник во Кичево, но по потекло од Крчишта.

Барање за реставрација и заштита на црквите до Институтот, во 2019 година достави македонското друштво “Илинден“-Тирана

**Црквата „Свето Преображение“ во селото Ербеле**














Црквата „Свети Спас“ во селото Горно Крчишта











## СВЕЧЕНО ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА 15-ГОДИШНИОТ ЈУБИЛЕЈ НА ШКОЛАТА ЗА МЛАДИ ЛИДЕРИ НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ ЃОРГЕ ИВАНОВ

Во рамките на церемонијата се одбележа и 10 годишниот јубилеј на Меѓународниот центар Алијанса на цивилизациите (ICAC), кој 10 години е еден од ко-организаторите на школата, кој ја следи визијата за промовирање почит, толеранција и заедништво меѓу различните култури и општества, а пред се, улогата на младите во општеството.

На 13 декември 2024 година, со свечена церемонија беше одбележан значајниот 15-годишен јубилеј на Школата за млади лидери на Претседателот Ѓорге Иванов, славејќи го нејзиното трајно наследство во унапредувањето на лидерството, личниот развој и професионалните квалитети. Низ изминатите 15 години, во Школата учество зеле 588 млади лидери и 393 истакнати предавачи, меѓу кои претседатели на држави и влади, министри, академици, бизнис лидери, воени експерти, културни дејци и визионери од Македонија и целиот свет. Нивниот значаен придонес помогна во обликувањето на генерации на идни лидери кои продолжуваат да ја развиваат својата визија.

Катерина Антовска, Претседателка на Алумни асоцијацијата Иванов Школа за лидери – ИСЛАА, во своето обраќање ја истакна важноста на континуираната посветеност на алумните кои активно спроведуваат многубројни иницијативи, демонстрирајќи лидерство преку посветеност, залагање и ангажман во заедницата.

Во рамките на церемонијата се одбележа и 10 годишниот јубилеј на Меѓународниот центар Алијанса на цивилизациите (ICAC), кој 10 години е еден од ко-организаторите на школата, кој ја следи визијата за промовирање почит, толеранција и заедништво меѓу различните култури и општества, а пред се, улогата на младите во општеството.



Поранешниот Претседател на Република Македонија, Ѓорге Иванов во своето обраќање се осврна на еволуцијата на Школата, од идеја до етаблиран столб на едукација, личен развој и професионална посветеност. Тој ја истакна мисијата на Школата: создавање генерации млади лидери со силни вредности, критичко размислување и решителност за соочување со современите глобални предизвици. Посочувајќи ја важноста на формалното и неформалното образование како клучни двигатели на општествениот напредок, Претседателот Иванов ја потврди својата верба во трансформативната моќ на знаењето и лидерството. Тој им оддаде признание на стотиците учесници кои станаа лидери, иноватори и застапници на позитивни промени, во своите области на дејствување во Македонија и ширум светот.

Настанот беше збогатен со пораки од светски лидери во краткиот документарец, како и порака испратена од поранешниот Генерален секретар на Обединетите нации, Неговата Екселенција Бан Ки-мун.

Во знак на признание за нивната непроценлива поддршка, долгогодинешните партнери и спонзори добија специјални признанија за нивниот значаен придонес кон успехот на Школата, како што се: Турската агенција за соработка и координација (ТИКА); Хотел Инекс Олгица Охрид; Хотел DoubleTree by Hilton Скопје; Алкалоид АД Скопје; ТАВ Македонија ДООЕЛ; А1 Македонија; Делфино Сикст Рент-а-кар; Витаминка АД Прилеп; Пивара Скопје АД; Туркиш Ерлајнс Скопје; Халкбанка АД Скопје; ЕВН Македонија; Комфи Ангел; Петрол Оил Брокер АД Скопје; Езимит Компани; Мотива; Authentic Development DOO; Болд ДМС; Обединета Македонска дијаспора. Претседателот Иванов, исто така, се заблагодари на соработката со државните институции и особено на Службата за општи и заеднички работи. Изразуваме искрена благодарност до сите кои одиграа клучна улога во создавањето и развојот на оваа иницијатива. Додека со гордост се навраќаме на изминатите 15 години, со визија и ентузијазам ја продолжуваме нашата мисија – создавање лидери подготвени да се соочат со глобалните предизвици на сегашноста и иднината.

**ИМПРЕСУМ:**

Издавач: Македонско друштво "Илинден"-Тирана
Главен и одговорен уредник: Никола ЃУРЃАЈ
Лектура: Естела КАРАМЕШИНОСКА
Компјутерска обработка: Анита МИЛЕВСКА
Печати: Печатница Абази - Тирана
Фотографии: Редакција на Македонски весник "Илинден" и Македонско друштво "Илинден"-Тирана
Адреса: Rruga "Mihal Grameno" Nr. 167, Tirana, Albania
Телефон: +355 69240 1778
E-mail: drustvo.ilinden.tirana@live.com
www.ilinden-tirana.com
www.vesnik-ilinden.com

**© Македонски весник "Илинден" - Сите права се задржани. Не е дозволено копирање, умножување или понатамошна репродукција или дистрибуција на делови или на целото издание во печатени или електронски медиуми без претходно добиено одобрение од издавачот.**

# Македонска народна носија Горно Крчиште, Долно Крчиште и Ербеле - Маќелара



# Veshje popullore maqedonase Kërçisht i Epërm, Kërçisht i Poshtëm dhe Herbel - Maqellarë